**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА**
**СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ,**
**ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ**

**УП I 10-190**
**27.02.2024**

Врз основа на член 62 став 10 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ" бр.32/20 и бр.111/23) и Годишна програма за изработување на урбанистички планови на Општина Демир Капија за 2024 година донесена со одлука бр.08-919/13 од 28.12.2023, Градоначалникот на Општина Демир Капија го дава следното

# СООПШТЕНИЕ

## За спроведување на јавен увид на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Б5.1 – Хотелски комплекси на КП 5549 и дел од КП 4480, КО Демир Капија, Општина Демир Капија

### Член 1

Се известуваат граѓаните на Општина Демир Капија дека се организира јавен увид на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Б5.1 – Хотелски комплекси на КП 5549 и дел од КП 4480, КО Демир Капија, Општина Демир Капија со тех.бр.445/23 од јануари 2024, изработен од Друштво за урбанизам, проектирање и инженеринг ТЕКТОН ДООЕЛ Скопје.

### Член 2

Проектниот опфат се наоѓа југозападно од градот Демир Капија во КО Демир Капија, Општина Демир Капија.

Проектниот опфат е надвор од границите на урбанистички планови и урбанистичко плански документации.

Пристапот до проектниот опфат е од постојан некатегоризиран пат од југоисточна страна (КП 5625 КО Демир Капија).

Просечна надморска висина е 124m.

Површина на проектниот опфат е 9 576m2 (0.96ха).

Граница на проектниот опфат е:

- Северозапад: КП 4480 КО Демир Капија
- Североисток: КП 4476, 4477 и дел од КП 4480 КО Демир Капија
- Југоисток: КП 5626 КО Демир Капија
- Југозапад: дел од КП 4480 и КП 5551 КО Демир Капија

### Член 3

Јавниот увид на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Б5.1 – Хотелски комплекси на КП 5549 и дел од КП 4480, КО Демир Капија, Општина Демир Капија, се спроведува електронски, со објавување на соопштението и проектот на официјалната страна на Општина Демир Капија www.opstinademirkapija.gov.mk и на електронскиот систем www.e-urbanizam.mk, како и со објавување на огласна табла на Општина Демир Капија.

Сите забелешки, предлози и сугестии може да се достават на анкетен лист даден во прилог на ова соопштение.

Јавниот увид трае 15 (петнаесет) дена, во периодот од 28.02.2024 до 13.03.2024, за кое време може да се доставaт забелешки со пополнување на анкетен лист, секој работен ден од 8.00 до 16.00 часот во просториите на Општина Демир Капија.

Јавната презентација со стручно презентирање на урбанистичкиот проект ќе се одржи на 06.03.2024 со почеток во 12 часот во просториите на Општина Демир Капија и на истата може да присуствуваат сите заинтересирани граѓани.

**Градоначалник**
**Лазар Петров**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА „ГРАДОНАЧАЛНИК" ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА